# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1132.**

Врз основа на член 65 став (5) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/2010 и 136/2011),Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.3.2012 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ИЛИ НАМАЛУВАЊЕ НА ГЛОБАТА И ПОСТАПКАТА ПОД КОЈА КОМИСИЈАТА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК ОДЛУЧУВА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ИЛИ НАМАЛУВАЊЕ НА ГЛОБАТА

Член 1
**Општа одредба**

(1) Со оваа уредба се уредуваат поблиските услови за ослободување или намалување на глобата и постапката во која Комисијата за одлучување по прекршок (во понатамошниот текст: КОП) одлучува за ослободување или намалување на глобата (leniency ).

(2) Оваа уредба не ја исклучува примената на член 58 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот ).

Член 2
**Барање за ослободување од глоба**

(1) Претпријатието кое бара ослободување од глоба согласно член 65 став (1) точка 1) или 2) од Законот треба до КОП да поднесе барање за ослободување од глоба.

(2) Кон барањето за ослободување од глоба од став (1) на овој член, претпријатието кое бара ослободување од глоба задолжително ги поднесува следните докази:

а) изјава на претпријатието од член 3 од оваа уредба со која го признава своето учество во картелот и

б) други докази поврзани со картелот кои претпријатието кое бара ослободување од глоба ги поседува или му се достапни во време на поднесување на барањето, вклучувајќи ги особено доказите кои датираат од времето на картелот.

Член 3
**Изјава на претпријатието**

(1) Изјава на претпријатие е доброволно изнесување на сознанијата на претпријатието за постоење на одреден картел и неговата улога во истиот изнесени од страна или во име на претпријатието пред КОП. Изјавата на претпријатието дадена пред КОП е дел од предметот пред КОП и е доказ во постапката.

(2) Изјавата на претпријатието од став (1) на овој член мора да биде дадена во писмена форма и потпишана од овластено лице на претпријатието или потпишана во име на претпријатието или дадена усно на записник и ги вклучува следните податоци доколку истите се познати на претпријатието во моментот на поднесувањето:

- детален опис на картелот, вклучувајќи ги особено неговите цели, активности и начин на функционирање; стоките и/или услугите на кои се однесува картелот, подрачјето на кое делувал картелот, времетраењето и проценка на засегнатиот дел од пазарот на кој делувал картелот; конкретни датуми, места, учесници и содржина на контактите помеѓу учесниците во картелот, како и сите релевантни објаснувања за доказите доставени во прилог на барањето;

- називот и адресата на претпријатието кое ја дава изјавата, како и називи и адреси на сите други претпријатија кои учествуваат/учествувале во картелот;

- имињата, звањата, локациите на канцелариите и каде што е потребно, домашните адреси на сите поединци кои, според сознанијата на претпријатието кое ја дава изјавата, биле или се вклучени во картелот, вклучувајќи ги и поединците кои биле вклучени во картелот во име на претпријатието кое ја дава изјавата и

- информации за тоа кои други органи надлежни за санкционирање на картели надвор од Република Македонија се контактирани или ќе бидат контактирани во врска со картелот.

(3) КОП по барање на претпријатието кое ја дава изјавата може да прифати негова изјава дадена усно на записник, доколку истото не ја открило содржината на изјавата на трети лица.

Член 4
**Увид во изјавата на претпријатието**

(1) КОП може да дозволи увид во изјавата од член 3 од оваа уредба само на претпријатија против кои се води постапката пред КОП под услов тие да се обврзат, заедно со нивните правни застапници, доколку ги имаат, дека нема да вршат препис или да направат копија по механички или електронски пат на било која информација содржана во изјавата, а за која е дозволен увид. Изјавата нема посебна заштита од моментот кога претпријатието кое ја дава изјавата ја открило нејзината содржина пред трети лица.

(2) Информациите добиени од изјавата смеат да се користат само за предметната постапка која се води согласно Законот. Доколку информациите се користат за други цели за време на постапката, истото може да се смета за недоволна соработка согласно член 65 став (3) од Законот и членовите 6 и 11 од оваа уредба.

Член 5
**Услови за ослободување од глоба**

(1) КОП ќе определи ослободување од глоба согласно член 65 став (1) точка 1) од Законот под услов во времето на поднесување на барањето за ослободување од глоба, КОП да немала доволно докази да поведе прекршочна постапка или не била поведена прекршочна постапка во врска со предметниот картел.

(2) КОП ќе определи ослободување од глоба, согласно член 65 став (1) точка 2) од Законот во корист на претпријатието кое бара ослободување од глоба доколку се исполнети следните услови:

а) во времето на поднесувањето на барањето за ослободување од глоба КОП немала доволно докази за донесување на решение со кое се утврдува постоење на картелот за кој се поднесува барањето;

б) на ниту едно друго претпријатие кое прво приложило докази кои и овозможиле на КОП да поведе прекршочна постапка за картел, не му било определено условно ослободување од глоба од член 9 став (1) од оваа уредба и

в) претпријатието кое бара ослободување од глоба е прво кое обезбедило докази кои датираат од времето на картелот и го докажуваат постоењето на истиот и доставило изјава на претпријатието од член 3 од оваа уредба, а кои ќе и овозможат на КОП постапката да ја заврши со донесување на решение со кое се утврдува постоење на прекршок.

Член 6
**Други услови за ослободување од глоба**

(1) Освен условите утврдени во член 65 став (1) точка 1) или 2) од Законот и членовите 2 и 5 од оваа уредба претпријатието кое бара ослободување од глоба мора да ги исполни и следните услови:

а) до КОП да доставува континуирано и во најкус можен рок точни, недвосмислени и целосни информации од моментот на поднесување на барањето за ослободување од глоба и во текот на целата постапка, односно:

- да ги доставува до КОП сите релевантни информации и докази за картелот кои ги поседува или кои му се достапни во најкус можен рок;

- целосно да и биде на располагање на КОП за да одговори на сите барања кои можат да придонесат за утврдување на фактите во најкус можен рок;

- да обезбеди достапност на постојни, и доколку е можно поранешни, вработени и директори за давање изјави и објаснувања на записник пред КОП;

- да не уништува, фалсификува или крие релевантни информации или докази кои се однесуваат на картелот и

- да не го открие фактот дека поднело барање за ослободување од глоба до КОП, ниту да ја открие содржината или дел од содржината на истото се додека КОП не достави прелиминарно известување за дотогаш утврдена фактичка состојба согласно член 42 став (1) од Законот, освен доколку не е поинаку договорено помеѓу КОП и претпријатието кое бара ослободување од глоба;

б) да го прекине своето учество во картелот веднаш по поднесување на барањето за ослободување од глоба, освен доколку продолжувањето на неговото учество во картелот, според мислење на КОП, е неопходно за успешно завршување на постапката и

в) при подготовка на барањето за ослободување од глоба да не уништувало, фалсификувало или криело докази за картелот, ниту да го открило фактот, или било кој дел од содржината од барањето кое има намера да го поднесе, освен на други органи кои се надлежни за санкционирање на картелот надвор од Република Македонија.

(2) КОП може да го одбие барањето за ослободување од глоба доставено согласно член 65 став (1) точка (1) или (2) од Законот доколку истото е поднесено откако КОП доставила прелиминарно известување за дотогаш утврдена фактичка состојба.

Член 7
**Постапување на КОП по известување за намерата за поднесување барање за ослободување од глоба**

(1) Претпријатието кое бара ослободување од глоба согласно член 65 став (1) точка 1) или 2) од Законот може пред поднесување на барањето за ослободување од глоба да поднесе известување за намерата да поднесе барање за ослободување од глоба.

(2) За поднесеното известување од став (1) на овој член КОП издава потврда со која го заштитува место на подносителот на листата на чекање за ослободување од глоба, за период определен индивидуално од случај до случај, со цел да се овозможи подносителот на известувањето да ги прибави потребните податоци и докази (marker).

(3) За да ја добие потврдата од став (2) на овој член, подносителот на известувањето од став (1) на овој член во известувањето задолжително ги наведува следните податоци:

- назив и седиште на подносителот на известувањето;

- назив и седиште на учесниците во картелот;

- опис на засегнатите стоки и/или услуги на кои се однесува картелот и подрачјето на кое делувал картелот;

- проценка на времетраењето на картелот;

- опис на дејствијата кои го сочинуваат картелот;

- образложение на причините за поднесување на известувањето и

- информација за други претходни или идни можни барања за ослободување или намалување на глоба до други органи кои се надлежни за санкционирање на картелот надвор од Република Македонија.

(4) Во потврдата од став (2) од овој член КОП утврдува рок во кој подносителот на известувањето е должен да поднесе барање за ослободување од глоба од член 2 на оваа уредба.

(5) Доколку подносителот на известувањето го поднел барањето за ослободување од глоба во рокот определен од КОП согласно став (4) од овој член, барањето за ослободување од глоба се смета за поднесено на датумот на издавање на потврдата од став (2) од овој член.

(6) Доколку подносителот на известувањето не поднел барање за ослободување од глоба во рокот определен од КОП согласно став (4) од овој член, КОП може слободно да располага со податоците и доказите доставени со известувањето од став (1) на овој член, за што писмено го известува подносителот на известувањето.

Член 8
**Постапување на КОП по барање за ослободување од глоба**

(1) На барање на претпријатието кое бара ослободување од глоба, КОП издава потврда за прием на барањето за ослободување од глоба, со што се потврдува датумот и по можност, времето на прием на барањето за ослободување од глоба.

(2) КОП нема да одлучи по поднесено барање за ослободување од глоба пред да одлучи по претходно поднесено барање за ослободување од глоба поврзано со истиот картел, без оглед дали станува збор за поднесено барање согласно член 2 од оваа уредба или известување за намера да се поднесе барање за ослободување од глоба согласно член 7 од оваа уредба.

Член 9
**Известување за исполнување на услови за ослободување од глоба**

(1) Кога КОП ќе утврди дека претпријатието кое бара ослободување од глоба ги исполнува условите од член 65 став (1) точка 1) или 2) од Законот и членови 2 и 5 од оваа уредба писмено ќе го извести за истото.

(2) Кога КОП ќе утврди дека претпријатието кое бара ослободување од глоба не ги исполнува условите од член 65 став (1) точка 1) или 2) од Законот и членови 2 и 5 од оваа уредба, писмено ќе го извести за истото.

(3) Во случајот од став (2) од овој член претпријатието кое бара ослободување од глоба може да ги повлече доказите поднесени во прилог на барањето за ослободување од глоба или да побара од КОП барањето за ослободување од глоба да го третира како барање за намалување на глоба. Ова на ја спречува КОП да презема дејствија по службена должност со цел прибирање на потребните докази.

Член 10
**Ослободување од глоба**

(1) Во решението со кое се утврдува постоење на прекршок КОП ќе определи ослободување од глоба на претпријатието од член 9 став (1) од оваа уредба, доколку истото до крајот на постапката ги исполнувало условите од член 65 став (3) од Законот и член 6 од оваа уредба.

(2) Во решението со кое се утврдува постоење на прекршок КОП нема да определи ослободување од глоба, ниту намалување на глоба на претпријатието од член 9 став (1) од оваа уредба, доколку истото до крајот на постапката не ги исполнувало условите од член 65 став (3) од Законот и член 6 од оваа уредба.

(3) Доколку КОП во текот на постапката утврди дека претпријатието од член 9 став (1) од оваа уредба за времетраење на картелот презело мерки со кои принудило други претпријатија да учествуваат или да останат во картелот, нема да определи ослободување од глоба согласно член 65 став (4) од Законот.

Член 11
**Барање за намалување на глоба**

(1) Претпријатието кое бара намалување на глоба согласно член 65 став (2) од Законот треба до КОП да поднесе барање за намалување на глоба.

(2) Кон барањето за намалување на глоба од став (1) на овој член, претпријатието кое бара намалување на глоба задолжително ги поднесува следните докази:

- изјава на претпријатието од член 3 од оваа уредба и
- докази за прекршокот кои се докази со значителна додадена вредност споредени со доказите со кои КОП веќе располага.

(3) Поимот „докази со значителна додадена вредност“ се однесува на вредноста, односно степенот до кој обезбедените докази поради нивната вистинска природа или степен на деталност, ја зголемуваат можноста на КОП во постапката да го докаже постоењето на картелот. Во овој случај писмените докази кои потекнуваат од временскиот период на кој се однесуваат фактите, имаат поголема вредност од доказите утврдени подоцна. Доказите кои се директно релевантни за предметните факти, во основа имаат поголема вредност од оние кои имаат само индиректна релевантност. На вредноста на доказите влијае степенот до кој е потребно поднесените докази да бидат поткрепени од други извори со цел да се користат против другите претпријатија учесници во картелот, така што неоспорните докази ќе имаат поголема вредност отколку доказите (како што се изјави и сл.) за кои е потребно докажување доколку се оспорат.

(4) Претпријатието кое бара намалување на глоба мора да ги исполни условите утврдени во член 65 став (3) од Законот и член 6 од оваа уредба.

(5) Секое доброволно поднесување на докази до КОП од претпријатието кое бара намалување на глоба, а кои ги поднесува со цел да добие намалување на глоба, треба во моментот на нивното поднесување да бидат јасно означени дека истите се поднесуваат како дел од барањето за намалување на глоба.

Член 12
**Постапување на КОП по барањето за намалување на глоба**

(1) На барање на претпријатието кое бара намалување на глоба, КОП издава потврда за прием на барањето за намалување на глоба, како и за дополнително поднесените докази, со која се потврдува датумот и времето на поднесување на барањето.

(2) КОП нема да одлучи по поднесеното барање за намалување на глоба, пред да одлучи по претходно поднесени барања за ослободување од глоба поврзани со истиот картел.

Член 13
**Известување за исполнување на услови за намалување на глоба**

(1) Кога КОП прелиминарно ќе утврди дека претпријатието кое бара намалување на глоба ги исполнува условите од член 65 став (3) од Законот и членовите 6 и 11 од оваа уредба, пред да достави конечно известување за дотогаш утврдена фактичка состојба, писмено ќе го извести за истото.

(2) Кога КОП прелиминарно ќе утврди дека претпријатието кое бара намалување на глоба не ги исполнува условите од член 65 став (3) од Законот и членовите 6 и 11 од оваа уредба, пред да го достави конечното известување за дотогаш утврдена фактичка состојба, писмено ќе го извести за истото.

(3) КОП може да не земе во предвид барање за намалување на глоба, доколку истото е поднесено по доставување на конечното известување за дотогаш утврдена фактичка состојба.

Член 14
**Намалување на глоба**

(1) Во решението со кое се утврдува постоење на прекршок КОП ќе ја определи висината на намалување на глобата, изразено како процент од глобата која би била изречена и тоа на следниот начин:

- намалување во висина од 30-50% за првото претпријатие кое обезбедува докази со значителна додадена вредност;
- намалување во висина од 20-30% за второто претпријатие кое обезбедува докази со значителна додадена вредност и
- намалување во висина до 20% за секое следно претпријатие кое обезбедува докази со значителна додадена вредност.

(2) При определување на нивото на намалување на глобата од став (1) од овој член, КОП ги зема во предвид времето на поднесување на доказите согласно член 11 ставови (1), (2) и (4) од оваа уредба и степенот до кој тие се со значителна додадена вредност согласно член 11 став (3) од оваа уредба.

(3) Кога претпријатието кое бара намалување на глоба е прво кое доставило докази со значителна додадена вредност согласно член 11 став (3) од оваа уредба, а кои КОП ги користи за утврдување на дополнителни факти кои докажуваат поголема тежина или времетраење на прекршокот, КОП нема да ги земе предвид овие дополнителни факти при утврдување на глобата која треба да ја изрече на претпријатието што ги обезбедило овие докази.

(4) Во решението со кое се утврдува постоење на прекршок КОП ќе се изјасни за секое претпријатие кое поднело барање за намалување на глоба при што ќе определи и:

а) дали доставените докази од претпријатието претставуваат докази со значителна додадена вредност во однос на доказите со кои КОП веќе располагала;

б) дали се исполнети условите утврдени во член 65 став (3) од Законот и член од оваа уредба и

в) висината на намалување на глобата согласно став (1) од овој член.

(5) Во решението со кое се утврдува постоење на прекршок КОП нема да определи намалување на глоба на претпријатието кое добило условно намалување на глоба доколку истото до крајот на постапката не ги исполнувало условите од член 65 став (3) од Законот и член 6 од оваа уредба.

Член 15
**Влегување во сила**

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.41-1777/1<br>23 март 2012 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски**, с.р. |